РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1196/4

20-01-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава на познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 59-та седница одржана на ден 14.01.2022 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-1196/1 од 16.03.2021 година, оформен по пријава поднесена од познат подносител, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување поради тоа што за предметниот случај постапува друг надлежен орган.

Предметот со број 12-1196/1 од 16.03.2021 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-1196/1 од 16.03.2021 година, е оформен по пријава поднесена до ДКСК од познат подносител, со наводи за незаконито постапување и непочитување на процедури од страна на Народна банка на РСМ во случајот со одземањето на дозволата за работа и пропаѓањето на Еуростандард банка, а со доставената пријава се бара да се поведе истрага за предизвиканот стечај над Еуростандард банка, бидејќи во многу сегменти за нејзиното носење во стечај постоеле силни аргументи дека се работи за организиран криминал.

Заради проверка на наводите, а во врска со објави во медиуми дека за предметниот случај постапува надлежен јавен обвинител, ДКСК достави барање до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал за обезбедување на податоци и информации во врска со предметните наводи. По извршениот увид во доставеното известување констатирано е следново:

- Во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција бил оформен кривичен предмет заведен под број КО бр.6/21, во врска со предизвиканиот стечај на Еуростандард Банка АД Скопје, а по поднесена Кривична пријава од Народна банка на Република Северна Македонија.

- Постапувајќи по поднесената пријава, од страна на надлежниот јавен обвинител била донесена Наредба за спроведување истражна постапка КО бр.6/21 01 08.02.2021 година. со која се спроведува истражна постапка против одговорни лица во Еуростандарл Банка АД Скопје, поради постоење на основано сомнение дека се сторени кривични дела по член 181 ст.1 од Законот за банки и кривично дело - Перење пари и други приноси од казниво дело по член 273 ст. 6 вв член 45 од Кривичниот законик. По вака донесената Наредба се превземале потребните истражни дејствија, при

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

што биле сослушани осомничените, се сослушуваат сведоци, издадени биле низа наредби и барања за прибирање на потребни известувања.

-По барање на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, од страна на судијата на претходна постапка во Основниот кривичен суд Скопје донесено е Решение за определување на привремени мерки - Забрана за отуѓување. оптоварување и давање под закуп на недвижност, Забрана за користење, отуѓување или располагање со хартии од вредност - обични акции и Забрана за отуѓување или располагање со патнички моторни возила.

Со оглед на констатираното, ДКСК оцени дека во предметниот случај се постапува од страна на друг надлежен орган - Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, пред кој постапката не е завшена и не е донесена одлука од негова надлежност, по што утврди дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Горан Трпеноски**

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил : м-р В.Г., Член на ДКСК